**Република Македонија**

Министерство за земјоделство, шумарство и

# ИПАРД ПРОГРАМА 2007 - 2013

## ЕВРОПСКИ МОЖНОСТИ

## ЗА МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**Инструмент за претпристапна помош на Европската Унија за рурален развој за 2007-2013**

## Што е ИПАРД?

Инструментот за претпристапна помош за рурален развој – ИПАРД (2007 – 2013) за Република Македонија претставува пристап до фондовите на Европската Унија наменети за финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој со фокус на имплементација на законодавството на Европската Заедница во однос на заедничката земјоделска политика и политиките за конкурентно одржливо земјоделство, силни и одржливи рурални заедници и разновидна и одржлива рурална животната средина.

## Цели на ИПАРД

Основните придобивки за Република Македонија од реализација на ИПАРД Програмата (2007-2013) се:

- Подобрување на пазарната ефикасност и спроведување на стандардите на Европската Унија преку реструктуирање и надградба на земјоделско-прехрамбениот сектор до стандардите на ЕУ како и преку зголемување на конкурентноста на земјоделските и земјоделско прехрамбените производи со цел подготовка на земјоделскиот сектор за пристап кон ЕУ.
- Развој на руралната економија преку диверзификација на економските активности во руралните средини со цел да му се овозможи на руралното население дополнителни извори на приход и отварање на нови можности за вработување во руралните области.

## Финансиски средства по ИПАРД

Финансиската рамка за спроведување на ИПАРД Програмата ја сочинуваат 75% од средствата финансирани од буџетот на Европската Унија наменет за претпристапна помош за рурален развој и 25% од буџетот на Република Македонија наменет за развојни програми.

Вкупниот износ на расположливи средства наменети за ИПАРД е 60,7 милиони евра од кои 45,5 милиони евра се од буџетот на ЕУ и дополнителни 15,2 милиони евра се од буџетот на Република Македонија.

Финансиската рамка се однесува на направени буџетски алокации за повеќе-годишен буџетски период од 2007-2011 при што средствата се кумулираат и се трошат во временска рамка од 3 години од годината на нивната алокација.

ПРИМЕР: Буџетската алокација за 2008 година во вкупен износ од 8,8 милиони евра вклучувајќи ги и средствата од 2007 година треба да бидат повлечени од буџетот на Европската Комисија најдоцна до 31.12.2011 година.

Средствата се наменети за доделување на финансиска поддршка во вид на грант во износ од 50% од вкупно реализиран трошок кој е во листата на прифатливи трошоци по мерки и инвестиции од ИПАРД Програмата.

## Мерки по ИПАРД

ИПАРД фондовите задолжително се трошат по утврдените мерки во ИПАРД Програмата и тоа за:

***Мерка 101*** *Инвестиции во земјоделските стопанства за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија*

***Мерка 103*** *Инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија*

***Мерка 302*** *Инвестиции за диверзификација и развој на руралните економски*

*активности*

**Проектите наменети за инвестиции во земјоделски стопанства (Мерка 101) треба да се однесуваат за лозарството, овоштарството, градинарство и одгледување на добиток за производство на млеко и месо.**

**А. ИПАРД Поддршка за лозарството**

**Прифатливите проекти за лозарството треба да се насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- обновување на постоечки лозови насади во лозарски реон за замена на виновата лоза со старост над 20 години или замена на непрепорачани и хибридни сорти на винова лоза со признаени сорти согласно Правилникот за класификација на винските сорти на грозје (Службен весник 6/2007).
- подобрување на постојните неефикасни системи за наводнување на лозовите насади
- модернизација на механизацијата за култивација на лозови насади
- поставување на заштитни мрежи за заштита од природни непогоди

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во лозарството се следниве:**

- набавка на фитосертифициран посадочен материјал од винова лоза (Vitis vinifera)
- набавка на опрема за потпорна конструкцијата од дрво, челик, бетон или друг материјал и придружни елементи
- набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- набавка на опрема за кроење; опрема за мулчирање, косилки, ротосекачи, чистачи на коров/плевел, прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива
- набавка на елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град
- услуги извршени од трети лица за рамнење и чистење на теренот, подготовка на земјата за садење, садење на винова лоза, инсталација на компоненти за потпорна конструкција, поставување на заштитни мрежи против град; инсталација на систем за наводнување, вклучително и компјутерска опрема и софтвер за регулација на системот за наводнување
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот

обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Забелешка**: Не се прифатливи за кофинансирање трактори, мотокултиватори, опрема за подготовка на почвата, опрема за садење и машини за берба, како и ѓубрива и ѓубрење на почвата.

**Производниот капацитет на земјоделското стопанство за лозарство треба да изнесува најмалку 0.5ха до максимум 20ха површини под лозов насад за физички лица или максимум 50ха под лозов насад за правни лица.**

**Б. ИПАРД Поддршка за овоштарство**

**Прифатливите проекти за овоштарство треба да се насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- обновување на постоечки овошни насади за замена на овошните садници со старост над 15 години или замена на непрепорачани сорти на овошен насад со признаени сорти согласно Правилникот за домашни и странски одобрени сорти на овошен саден материјал (Службен весник 41/2006)
- подобрување на постојните неефикасни системи за наводнување на овошните насади
- модернизација на механизацијата за култивација на овошните насади
- поставување на заштитни мрежи за заштита од природни непогоди

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во овоштарството се следниве инвестициони трошоци за:**

- набавка на фитосертифициран овошен посадочен материјал вклучително и лозов посадочен материјал за трпезно грозје и нискостеблести овошки од сорти наведени во Правилникот за домашни и странски одобрени сорти на овошен саден материјал со исклучок на хибридни сорти
- набавка на опрема за потпорна конструкцијата од дрво, челик, бетон или друг материјал и придружни елементи
- набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- набавка на опрема за кроење; опрема за мулчирање, косилки, ротосекачи, чистачи на коров/плевел, прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива
- набавка на елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град
- услуги извршени од трети лица за рамнење и чистење на теренот, подготовка на земјата за садење, садење на овошниот насад, инсталација на компоненти за потпорна конструкција, поставување на

заштитни мрежи против град; инсталација на систем за наводнување, вклучително и компјутерска опрема и софтвер за регулација на системот за наводнување
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Забелешка**: Не се прифатливи за кофинансирање трактори, мотокултиватори, опрема за подготовка на почвата, опрема за садење и машини за берба, како и ѓубрива и ѓубрење на почвата.

**Производниот капацитет на земјоделското стопанство за овоштарство треба да изнесува најмалку 0.5ха до максимум 15ха површини под овошен насад за физички лица или до 30ха под овошен насад за правни лица.**

**В. ИПАРД Поддршка за градинарство**

**Прифатливите проекти за градинарството треба да се насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- подигнување на нови високи пластеници заради замена на тунелските фолии и реконструкција на постоечките пластеници (освен на тунелски фолии)
- подигнување на нови стаклениците заради замена на тунелските фолии и реконструкција на постоечките стакленици во согласност со Европските стандарди за Оранжерии ЕН 13031-1:2003
- изградба на нови придружни објекти за постбербени активности или реконструкција на постоечките објекти за постбербени активности во постојните пластеници и стакленици (освен кај тунелските фолии)
- модернизација на одгледување на зеленчук на отворено

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во подигнување или обновување на оранжерии (пластеници и стакленици со исклучок на тунелски фолии) се следниве инвестициони трошоци за набавка на :**

- елементи за носечки конструкции од метал за пластеници или набавка на носечка конструкција од метал, греди, дрво или друг материјал за стакленици;
- покривни елементи панели од стакло или пластичен покривен материјал или најлонски платна од зајакната пластика, поликарбонат, акрилни или други покривни материјали со век на траење од најмалку 5 години;
- материјали за конструкција на заштитни покривки против град и снег;
- градежни елементи за објекти за чување на горивото и засолништа за опремата);
- градежни елементи за изградба или подобрување на капацитети за расадници за зеленчук;
- градежни елементи за опремата за беспочвено одгледување;
- опрема за комунална инфраструктура водовод, одвод и канализација и третман на отпадни води, инсталации за одржување на микроклиматски услови (греење, ладење, вентилација) и електрична инсталација;

- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системот за греење, разладување, влажност на воздухот и наводнување, сензори и скрининг во оранжериите;
- опрема за микро иригациони системи за наводнување (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- набавка на опрема за мулчирање, косилки, ротосекачи, чистачи на коров/плевел, прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- градежни услуги за инсталирање на градежни материјали и опрема вклучително и компјутерски софтвер;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Забелешка**: Не се прифатливи за кофинансирање трактори, мотокултиватори, опрема за подготовка на почвата, опрема за садење и машини за берба, како и ѓубрива и ѓубрење на почвата.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на изградба на нови придружни објекти за постбербени активности или реконструкција на постоечките објекти за постбербени активности во постојните пластеници и стакленици се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција на нови објекти или обновување на постоечките објекти за постбербени активности и складирање на свеж зеленчук;
- опрема за водовод, греење/микроклиматски инсталации, вентилација и клима систем, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води;
- опрема за селектирање на оштетени култури;
- опрема за миење и сушење;
- опрема за сортирање и калибрирање;
- опрема за пакување и етикетирање;
- опрема за системи на подвижни ленти;
- опрема за пред-ладење, ладење и разладување;
- опрема за складирање и мерење тежина;
- опрема за манипулација, товарање, растоварање, вилушкари;
- опрема за мониторинг на квалитет, контрола и системи за следливост при приемот, чувањето и дистрибуција
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за следење и контрола на

температура и релативна влажност;
- работи извршени од трети лица за градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод, греење/микроклиматски инсталации, вентилација и клима систем, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води, инсталација на прифатливата опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за следење и контрола на температура и релативна влажност;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за модернизација на одгледување на зеленчук на отворено се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**
- опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- опрема за мулчирање; косилки; ротосекачи; чистачи на коров/плевел; прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, и апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град;
- работи извршени од трети лица за поставување на заштитни мрежи против град, инсталација на систем за наводнување, вклучително и компјутерска опрема и софтвер за регулација на системот за наводнување;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Производниот капацитет на земјоделското стопанство за градинарство треба да изнесува:**
- **најмалку 0.3ха до максимум 3ха површини под тунелски фолии или високи пластеници за физички лица**
- **најмалку 1ха до максимум 8ха површини под тунелски фолии или високи пластеници за правни лица**
- **најмалку 0,1ха до максимум 2,5ха површини под стакленици за физички лица**
- **најмалку 1,5ха до максимум 6ха површини под стакленици за правни лица**

**Во случај на инвестиции за модернизација на одгледување на зеленчук на отворено поизводниот капацитет на земјоделското стопанство за градинарство на отворено треба да изнесува најмалку 0,5 ха до најмногу 15 ха за физички лица или до 30 ха за правни лица.**

**Г. ИПАРД Поддршка за одгледување на добиток за производство на сурово млеко**

**Прифатливите проекти за одгледување на молзен добиток треба да се насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- обновување на постоечки објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози и нивно опремување;
- обновување на придружни објекти за чување на добиточната храна за молзен добиток и опрема за манипулација со храната;
- набавка на наменска опрема за молзење, ладење и складирање на млекото;

Проектите за обновување на постоечки објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози и нивно опремување треба да се наменети за достигнување на стандардите за благосостојба на животните во контекст на достигнување на минимум површина за слободно одгледување на молзен добиток со исклучок на придружните површини во одгледувалиштето во големина од:
а. околу 5 м2 по молзна крава
б. околу 1,4 м2 по молзна овца или коза

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во обновување на постоечки објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози и придружни објекти за чување на добиточната храна се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за: конструкција за обновување на постојните штали и простории за одгледување на молзни животни (крави, овци и кози), вклучувајќи и елементи за градба на останати придружни простории за одмарање/ молзење/ стрижење (за овци)/ инсеминација/ породилиште/ боксови за младите/ карантин за сомнителни грла, капацитети за чување на млекото, капацитети за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема;
- материјали за градба и елементи за градење на депоа за арско ѓубриво и резервоари за собирање на арско ѓубриво, колектори и платформи,
- материјали за градба и елементи за обновување на придружните објекти за чување на концетрат и кабаста сточна храна и амбари за сено;
- елементи за оградување на објектите за одгледување на добиток вклучително и опрема за електрична ограда со низок напон;
- опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за систем за исхрана, систем за водопој;
- опрема за молзење и молзни системи вклучително и автоматски или подвижни молзни агрегати, лактофризери за складирање, опрема за ладење на млекото, опрема за мерење на количината на измолзено млеко и опрема за мерење на квалитет, опрема за чистење (компресори на пареа или вода,

стерилизатори итн.),компјутерска опрема и компјутерски софтвер за опремата за молзење
- опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво;
- елеватори за зрнеста храна и силажа;
- опрема за производство на сточна храна (млинови, мешалки за храна, миксери итн.);
- услуги извршени од трети лица за градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за опремата за молзење;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во набавка на наменска опрема за молзење, ладење и складирање на млекото се следниве:**

- опрема за молзење и молзни системи, вклучително и автоматски или подвижни молзни агрегати;
- лактофризери за складирање и опрема за ладење на млекото;
- опрема за мерење на количината на измолзено млеко и опрема за мерење на квалитет;
- опрема за чистење на молзните системи (компресори на пареа или вода, стерилизатори итн.);
- опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за опремата за молзење ;
- општи трошоци за технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти.

**Производниот капацитет на земјоделското стопанство за одгледување на добиток за производство на млеко треба да изнесува:**

- **минимум 10 грла до максимум 100 грла молзни крави за физички лица, и минимум 15 грла до максимум 150 грла молзни крави за правни лица;**
- **минимум 50 грла до максимум 500 грла молзни кози за физички лица и минимум 80 грла до максимум 800 грла молзни кози за правни лица;**
- **минимум 300 грла до максимум 3,000 грла молзни овци за физички лица и минимум 500 грла до максимум 8,000 грла молзни овци за правни лица**

**Д. ИПАРД Поддршка за одгледување на добиток и живина за тов**

**Прифатливите проекти за одгледување на добиток за тов треба да се**

**насочени кон една или повеќе од следниве насоки:**

- обновување на постоечки објекти за одгледување на маторици и товни свињи и живина (бројлери) и нивно опремување.
- воспоставување на нови објекти за одгледување и тов на бројлери како и обновување на постоечки објекти за одгледување и тов на бројлери и нивно опремување.

Проектите за обновување на постоечки објекти за одгледување на добиток и живина за тов треба да се наменети за достигнување на стандардите за благосостојба на животните во контекст на достигнување на минимум површина за слободно одгледување со исклучок на придружните површини во одгледувалиштето во големина од:
а. околу 1,3 м2 по маторица
б. околу 0,65 м2 по свиња за тов
в. околу 17 бројлери на 1м2 или 30кг на 1м2

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во обновување на постоечки објекти за одгледување на маторици и товни свињи се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните штали и објекти за одгледување маторици и свињи во тов, подобрување на постојните објекти за да се обезбедат и други одделни придружни простории за вештачко осеменување/ хранење/ чекалиште/ опрасување/ одгледувалиште/ гоилиште/ карантин/ објекти за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема (чистење и испирање);
- материјали за градење на депоа за арско ѓубриво и резервоари за собирање на арско ѓубриво, колектори и платформи;
- материјали за градење за подобрување на придружните објекти за складирање на добиточна храна;
- опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за систем за исхрана, систем за водопој, опрема за вагање;
- опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво;
- елеватори за манипулација на добиточната храна;
- опрема за производство на сточна храна (млинови, мешалки за храна, миксери итн.),
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на амбиенталните услови, температура, системот за вентилација и системот за исхрана;
- елементи за оградување вклучително опрема за електрична ограда со низок напон;
- услуги извршени од трети лица за градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на амбиенталните услови, температура, системот за вентилација и системот за исхрана;

- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во воспоставување на нови објекти за одгледување и тов на бројлери како и обновување на постоечки објекти за одгледување и тов на бројлери и нивно опремување се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за градење на нови капацитети за одгледување на бројлери вклучително и други заградени простории како придружни простории за тов на живина/ испуст/ размножување/ карантин/ објекти за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема (чистење и испирање);
- градење на депоа за арско ѓубриво и резервоари за собирање на арско ѓубриво, колектори и платформи;
- подобрување на придружните објекти на земјоделско стопанство за складирање на храната за живина;
- опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за систем за исхрана, систем за водопој, опрема за вагање;
- опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво;
- елеватори за зрнеста храна;
- опрема за производство на добиточна храна (млинови, миксери итн.);
- опрема за чистење (компресори на пареа или вода, стерилизатори итн.);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на греењето, системот за вентилација, водопој, исхрана, систем за прибирање и обработка на податоци;
- огради и елементи за оградување за ограничување на просторот;
- услуги извршени од трети лица за градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на греењето, системот за вентилација, водопој, исхрана, систем за прибирање и обработка на податоци;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**НАПОМЕНА:** Сите проекти кои се однесуваат на инвестиции во земјоделски стопанства за одгледување на добиток за производство на млеко или за месо мора да предвидуваат инвестиции во воведување на систем за чистење на шталите и чување на арското ѓубриво до негова апликација на земјоделски површини. Инвестициите во воведување на систем на чистење, чување и манипулација на арското ѓубриво се предмет на ко-финансирање.

**Производниот капацитет на земјоделското стопанство за одгледување на добиток и живина за тов треба да изнесува:**

- **минимум 2,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно до 8,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно за физички лица и до 30,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно за правни лица;**
- **минимум 40 маторици до максимум 100 маторици за физички лица и до 400 маторици за правни лица;**
- **минимум 5,000 бројлери годишно до 30,000 бројлери годишно за физички лица и до 60,000 бројлери годишно за правни лица.**

**Корисник на ИПАРД поддршката наменета за инвестиции во земјоделски стопанства (мерка 101) може да биде секое земјоделско стопанство регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ги има подмирено сите давачки кон државата по основ на даноци и придонеси и нема долгови кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по основ на склучен договор за закуп на државно земјиште и набавка на механизација.**

**Проектите наменети за инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија (Мерка 103) треба да опфаќаат поддршка на производството на вино, откупни/собирни центри за свежо овошје и зеленчук, откупни/собирни центри за сурово млеко, преработувачки капацитети за овошје и зеленчук и за млеко и млечни производи и кланични капацитети за говеда, свињи и живина како и за инвестиции за третман на отпадот од кланичната и месната индустрија и негова валоризација.**

**А. ИПАРД Поддршка за винарство**

**Прифатливите проекти за винарство треба да се насочени кон една или повеќе од следниве насоки:**

- подобрување на квалитетот на виното преку модернизација на постоечките капацитети за финализација на виното и воведување на лаборатории и системи за следење на квалитетот на виното од суровина до краен потрошувач
- подобрување на маркетингот на виното преку обновување или воведување на линии за шиширање, автоматско етикетирање и пакување.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на виното се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постоечките производни објекти за обезбедување на одделни простории за лабораторија за контрола на квалитетот;
- набавка на опрема за лабораториските простории вклучително систем на греење и вентилација, водовод, канализациска мрежа, електрични инсталации за лабораториските простории;
- лабораториска опрема и лабораториски апарати (со исклучок на мебел и стаклени инструменти);
- опрема за микро-филтрација; ладна стабилизација (чилери); опрема за шиширање (вклучително подвижни и статични единици за шиширање);
- опрема за чистење;
- опрема за етикетирање и пакување;
- опрема за мониторинг на квалитет, системи за контрола и следливост при прием, складирање и преработка;
- опрема за манипулација и складирање на отпад;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на нивото на шеќер и киселост во грозјето, контрола на температура, шиширање, системот за етикетирање, анализатор на вино;
- услуги извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за системите за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрична инсталација, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на

нивото на шеќер и киселост во грозјето, контрола на температура, шиширање, системот за етикетирање, анализатор на вино;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Б. ИПАРД Поддршка за преработка на овошје и зеленчук**

**Прифатливите проекти за преработка на овошје и зеленчук треба да се насочени кон една или повеќе од следниве насоки:**

- изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук;
- набавка на опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за изградба на нови објекти за собирање, прием, разладување, складирање и лабораториски простории за овошје и зеленчук, обновување на постојните објекти за собирање, прием, ладење, складирање и простории за контрола на квалитет на овошје и зеленчук;
- опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за прочистителни станици;
- опрема за селектирање на оштетени култури;
- опрема за детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали;
- опрема за миење и сушење;
- опрема за сортирање и калибрирање;
- опрема за пакување и етикетирање;
- опрема за системи на подвижни ленти;
- опрема за пред-ладење, ладење и замрзнување;
- опрема за складирање и мерење на тежина;
- опрема за манипулација, товарање, растоварање, вилушкари;
- опрема за мониторинг на квалитет, системи за контрола и следливост при прием, складирање и дистрибуција;
- опрема за прочистителни станици, манипулирање и складирање на отпад;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за манипулација, системот за прием, дистрибуција, сортирање, пакување;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод,

канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за манипулација, системот за прием, дистрибуција, сортирање, пакување;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**
- материјали за градба и елементи за конструкција за објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални, подобрување на постојните капацитети за инсталација на производствена опрема, подобрување на постојните капацитети за обезбедување на лабораториски простории;
- опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за прочистителни станици;
- опрема за сецкање, мелење и друга опрема за подготовка за преработка;
- опрема за сортирање и калибрирање;
- опрема за пастеризација;
- опрема за стерилизација;
- опрема за конзервирање;
- опрема за сушење;
- опрема за дехидрација;
- опрема за замрзнување;
- опрема за детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали;
- опрема за автоматско пакување и етикетирање;
- опрема за контрола на квалитет на производи вклучително лабораториска опрема (со исклучок на мебел и стаклени инструменти) и лабораториски апарати;
- опрема за автоматизирано чистење;
- опрема за мониторинг на квалитетот и системи за контрола и следливост;
- опрема за манипулација и складирање на отпад;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за сортирање, сушење, ладење, бланширање, готвење со висок и низок притисок, замрзнување, дехидрација, пастеризација, филтрација, пакување;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за сортирање, сушење, ладење, бланширање, готвење со висок и низок притисок, замрзнување, дехидрација, пастеризација, филтрација, пакување;

- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**НАПОМЕНА:** Инвестицијата се однесува на производни линии, во поглед на подобрување на една производна активност (на пр. конзервирање/пастеризирање на овошје и зеленчук, замрзнување, тунели за сушење итн.; со исклучок на производни линии за овошни сокови и џемови) во производните капацитети за преработка на овошје и зеленчук и новини кај производите во поглед на воведување на нови производни технологии и опрема за пакување и етикетирање, кои ги исполнуваат стандардите на Европската Заедница.

**Производниот капацитет за преработка на овошје и зеленчук треба да биде:**
- **од минимум 500 до 3.000 тони овошје и зеленчук максимум годишно за собирен центар/капацитет за ладење и складирање;**
- **од минимум 40 до 500 тони овошје и зеленчук годишно максимум капацитет за сушење;**
- **од 500 до максимум 5.000 тони овошје и зеленчук годишно за замрзнување;**
- **од 500 до максимум 5.000 тони овошје и зеленчук годишно за конзервирање/пастеризација.**

**В. ИПАРД Поддршка за преработка на млеко и млечни производи**

**Прифатливите проекти за преработка на млеко и млечни производи треба да се насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко;
- инвестиции за модернизација и технолошко осовременување на специјализирани капацитети за преработка на млеко.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**
- материјали за градба и елементи за изградба на нови објекти за собирање, прием, ладење, складирање на сурово млеко и лабораториски простории, вклучувајќи простории за складирање на опремата за чистење и одржување на хигиената, подобрување на постојните објекти за собирање, прием, ладење, складирање на сурово млеко и лабораториски простории, објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални, подобрување на постојните капацитети за обезбедување на лабораториски простории;
- опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за прочистителни станици за вода;
- опрема за собирање на млеко;
- опрема за прием на млеко;

- опрема за складирање на млеко;
- опрема за ладење на млеко;
- опрема за мерење на количина на млеко и прибор за мерење на квалитет на млеко;
- лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- опрема за следење на квалитет и системи за контрола и следливост;
- опрема за транспорт на сурово млеко (разладни танкови и резервоари за транспорт);
- опрема за автоматизирано перење;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, ладење, анализа, контрола или следење на работата на машините вклучени директно во процесот на собирање на млеко;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, ладење, анализа, контрола или следење на работата на машините вклучени директно во процесот на собирање на млеко;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за модернизација и технолошко осовременување на специјализирани капацитети за преработка на млеко се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални, подобрување на постојните капацитети за инсталација на производствена опрема, подобрување на постојните капацитети за лабораториски простории;
- опрема за систем за греење, вентилација и климатизација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- опрема за собирање и подготовка на сурово млеко за преработка;
- опрема за мерење на количина на млеко и прибор за мерење на квалитет на млеко;
- опрема за прием, филтрација, деаерација, прочистување, микро и ултрафилтрација, бактофугација, ладење, сепарација, хомогенизација и кондензирање на млекото;
- опрема за полнење, пакување и амбалажирање на свежо млеко,
- опрема за производство, пакување и амбалажирање на ферментирани млечни производи;

- опрема за производство, пакување и амбалажирање на сирење;
- опрема за производство, пакување и амбалажирање на павлака;
- опрема за производство, пакување и амбалажирање на кисело млеко;
- опрема за производство, пакување и амбалажирање на јогурт;
- опрема за пастеризација; опрема за стерилизација;
- опрема за чистење и припрема на материјал за амбалажирање;
- опрема за ЦИП (чистење на место);
- опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати;
- лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- опрема за следење на квалитет и системи за контрола и следливост;
- опрема за манипулација, товарање, растоварање, вилушкари;
- опрема за манипулација и складирање на отпад;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, пакување, квалитативна анализа, квантитативни податоци, контрола на температура, ладење, топлотен третман, полнење, етикетирање, филтрирање, сепарирање, детектирање на метал и стакло, чистење на танкови;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење, вентилација и климатизација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, пакување, квалитативна анализа, квантитативни податоци, контрола на температура, ладење, топлотен третман, полнење, етикетирање, филтрирање, сепарирање, детектирање на метал и стакло, чистење на танкови;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**НАПОМЕНА:** Со инвестицијата треба да се подобри единечна производна активност (т.е. сирење или ферментирано млеко или намази, итн., со исклучок на линии за производство на млеко во прав и путер) во производните капацитети за преработка на млеко и новини кај производите во поглед на воведување на нови производни технологии и опрема за пакување и етикетирање, кои ги исполнуваат стандардите на Заедницата.

**Производниот капацитет за преработка на млеко и млечни производи треба да биде:**

- **1500 – 30 000 литри млеко на ден за центри за собирање/капацитети за ладење и складирање;**
- **5000 – 100 000 литри млеко на ден за капацитети за преработка.**

**Г. ИПАРД Поддршка за кланични капацитети**

**Прифатливите проекти за поддршка на кланични капацитети треба да се**

**насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина;
- модернизација и технолошко осовременување на постоечките линии на кланици за говеда, свињи и живина;
- инвестиции во кланични капацитети и капацитети за преработка на месо за заштита на животната средина.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- опрема за градење нови објекти за инсталирање на кланични капацитети за живина обезбедувајќи одделни простории за подготовка за колење, карантин на живи птици, чување, проверување на квалитет, простории за чистење, просторија за чување на опремата за хигиена, капацитети за основање на лаборатории за контрола на квалитетот;
- опрема за водовод и електрична енергија, системи на греење и вентилација (климатизирање и прочистување на воздух), канализационен систем;
- опрема за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти;
- опрема за ладење и греење на вода; воздушен компресор; чистач со висок притисок;
- опрема за внатрешни ветеринарни проверки и ветеринарен прибор;
- лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- опрема за зашеметување; опрема за искрварување; опрема за попарување;
- опрема за шурење и кубење на пердувите;
- опрема за евисцерација;
- опрема за ладење;
- опрема за проверување на квалитет и сортирање;
- опрема за ладно чување и единици за замрзнување;
- опрема за сечење;
- опрема за обескоствување;
- опрема за мониторинг, контрола на квалитет и систем на следливост во сите фази на производство и складирање;
- опрема за манипулација и складирање на отпад;
- опрема за пакување и етикетирање;
- опрема за товарање, растоварање, вилушкари;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за

контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за модернизација и технолошко осовременување на постоечките линии на кланици за говеда, свињи и живина се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**
- материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните линии на кланици, обезбедувајќи одделни простории за подготовка за колење, карантин на живи животни или птици, складирање, проверување на квалитет, простории за чистење, простории за опремата за хигиена, објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални;
- опрема за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти;
- опрема за ладење и греење на вода; воздушен компресор; чистач со висок притисок;
- опрема за внатрешни ветеринарни проверки и ветеринарен прибор;
- лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- опрема за зашеметување; опрема за искрварување; опрема за попарување; опрема за евисцерација;
- опрема за ладење;
- опрема за проверување на квалитет и сортирање;
- опрема за ладно чување и единици за замрзнување;
- опрема за сечење;
- опрема за обескоствување;
- опрема за мониторинг, контрола на квалитет и систем на следливост во сите фази на производство и складирање;
- опрема за манипулација и складирање на отпад;
- опрема за пакување и етикетирање;
- опрема за товарање, растоварање, вилушкари;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, поставување на опрема за постројки за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за

контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции во кланични капацитети и капацитети за преработка на месо за заштита на животната средина се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**
- материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните постројки за третман на води, прочистителни станици, фаќачи на масти, поставување на системи за третман и валоризација на отпад;
- опрема за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти;
- опрема за ладење и греење на вода, воздушен компресор, чистач со висок притисок;
- опрема за манипулација и складирање на отпад;
- опрема за бренери/крематориум за согорување;
- опрема за обнова на протеини;
- опрема за рециклирање на секундарни производи или отпадоци од производствените активности (за подобра валоризација на органскиот отпад, остатоци, маст, крв, сврзно ткиво);
- опрема за елиминирање на отпад;
- опрема за чистење и дезинфекција на машини;
- опрема за пакување и етикетирање;
- опрема за складирање на секундарни производи;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на ладење и греење на вода, бренери/крематориуми за согорување, рециклирање, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, поставување на опрема за постројки за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на ладење и греење на вода, бренери/крематориуми за согорување, рециклирање, пакување, етикетирање;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**НАПОМЕНА:**
- Кандидатот може да поднесе барање за инвестиција само за постигнување на стандардите за заштита на животната средина од аспект на прочистување на отпадот и водата за целиот производен капацитет;
- Само кланичните капацитети можат да поднесат барање за инвестиции за набавка на технолошка опрема за преработка и валоризација на органскиот

отпад кој се добива од производните активности на кланицата, а таа инвестиција мора да е придружена со инвестиции за прочистување на отпад и вода за целиот производен капацитет;

**ЗАБЕЛЕШКА:** Во оваа инвестиција не се вклучени производните капацитети кои веќе ги имаат исполнето стандардите на ЕУ и се регистрирани за извоз во ЕУ, но го задржуваат правото да добиваат поддршка во сите други производни капацитети од претпријатието каде што потребните стандарди на Заедницата не се исполнети;

**Производниот капацитет за поддршка за кланични капацитети треба да изнесува:**

- **за инвестиција за воспоставување на кланичен капацитет за живина од минимум 10.000 до максимум 30.000 бројлери дневно;**
- **за капацитети за колење**
    - **15 – 150 глави говеда дневно**
    - **20 – 300 глави свињи дневно**
    - **50 – 4000 глави јагниња дневно**
- **за капацитети за преработка на месо минимум 2000 до максимум 25000 тони месо годишно.**

**Корисник на ИПАРД поддршката наменета за инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската Унија (мерка 103) може да биде трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва. Во случај на инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за овошје и зеленчук и собирни центри за млеко како корисник може да се јави и земјоделска задруга основана согласно Законот за задругите.**

**Како корисници може да се јават и правни лица во рангот на големи претпријатија за дел од претпријатието односно за производен капацитет кој се наоѓа на една локација и во кој се обавува една производна дејност поврзана со преработка на земјоделски производи согласно Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна и Законот за ветеринарно јавно здравство.**

**Проектите наменети за инвестиции за диверзификација и развој на руралните економски активности (Мерка 302) треба да опфаќаат поттикнување на микро претпријатијата во рурални средини со воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и модернизација на откупни центри за печурки и лековити билки и воспоставување на традиционални занаетчиски работилници како и поддршка за развој на рурален туризам.**

### А. ИПАРД Поддршка на микро претпријатијата во руралните области

**Прифатливите инвестиции за поддршка на микро претпријатијата во руралните области треба да се насочени кон една или повеќе од следниве насоки:**

- воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство;
- воспоставување и модернизација на откупни центри за печурки и лековити/ароматични билки и зачини и капацитети за одгледување на печурки и
- воспоставување на работилници за традиционални занаетчиски активности и работилници за одржување на земјоделска механизација.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за градење нови објекти или за подобрување на постојните за инсталирање на преработувачката опрема, капацитети за пакување и складирање за преработувачките

дејности на земјоделско стопанство и надвор од земјоделско стопанство содржани во Списокот на преработувачки дејности;

- опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем;
- опрема за третман на вода и прочистителни станици за на земјоделско стопанство или надвор од земјоделско стопанство;
- опрема за преработка на мед и производи од мед;
- опрема за производство на џем од овошје, овошни сокови и конзервирано овошје и бобинки;
- опрема за преработка на печурки;
- опрема за производство на млечни и кисели производи и сирење;
- опрема за мелење на житарки, производство на колачи, бело пециво и тестенини;
- опрема за преработка на зеленчук;
- опрема за сечење, сушење, мелење, дробење на билки за производство на чај и зачини;
- опрема за пастеризација;
- опрема за конзервирање;
- опрема за производство и екстрахирање на ароматични масла и козметички производи;
- опрема за складирање;
- опрема за пакување и етикетирање на производи;
- опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за пастеризирање, конзервирање, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за пастеризирање, конзервирање, пакување, етикетирање;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**За воспоставување на преработувачки капацитети земјоделското стопанство треба да е со следнава големина на капацитети:**

- **за преработка на овошје и зеленчук-минимум 0,5 ха површина под овошје или зеленчук;**
- **за преработка на млеко-минимум 10 молзни крави или 150 молзни овци или 50 молзни кози;**
- **за производство и продажба на мед-минимум 30 пчелни семејства;**
- **за преработка на лековити/етерични билки и зачини – минимум 0.75ха површини под лековити/етерични билки и зачини, содржани во Листата на лековити/етерични билки и зачини;**
- **за преработка и продажба на печурки-минимум 30 м2 капацитет за**

**одгледување на печурки;**

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за воспоставување и модернизација на откупни центри за печурки и лековити/ароматични билки и зачини и капацитети за одгледување на печурки се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за инсталирање на опрема за прием (миење, сортирање, класирање), преработка (пастеризација, сушење, сечење), складирање, пакување и етикетирање на производи од печурки вклучително и придружни капацитети, изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за одгледување на печурки и капацитети за производство на компост;
- опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем;
- опрема за третман на вода и прочистителни станици;
- опрема за прием (селектирање, миење, сортирање, класирање) на печурки;
- опрема за преработка на печурки (пастеризација, сушење, сецкање);
- опрема за складирање (полици, метални сталажи, палети, опрема за утовар, растовар, вилушкари и др.)
- опрема за одгледување на печурки и производство на компост (исклучувајќи набавка на компост и мицелиум);
- опрема за пакување и етикетирање на производи;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, селектирање, миење, сортирање, класирање, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, селектирање, миење, сортирање, класирање, пакување, етикетирање;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции воспоставување на работилници за традиционални занаетчиски активности и работилници за одржување на земјоделска механизација се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за инсталирање на опрема за традиционални занаетчиски активности содржани во Листата на традиционални занаетчиски дејности и придружни капацитети за пакување и складирање на производи, изградба на нови објекти или за подобрување на

постојните за воспоставување на работилници за одржување на земјоделска механизација вклучително и придружни капацитети за складирање на опремата и алатите, паркинг простор и стреи;
- опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем;
- опрема и алати за сечење и резбарење на дрво;
- опрема и алати за дрводелство;
- опрема и алати за влачење на волна;
- опрема и алати за боење на волна;
- опрема и алати за производство на производи од дрво;
- опрема и алати за правење теписи и волнени покривки, волнени материјали, или други производи од волна;
- опрема и алати за седларници;
- опрема и алати за плетење;
- опрема и алати за везење;
- опрема и алати за шиење и кроење;
- опрема и алати за производство и преработка на филц-неткаена волна;
- опрема и алати за ковачници;
- опрема и алати за лимарија;
- опрема и алати за припрема на кожа и производство на производи од кожа;
- опрема и алати за производство и декорација на грнчарија и керамика;
- опрема и алати за производство на восочни производи;
- опрема и алати за изработка на јажиња;
- опрема и алати за јагленарник (производство на ќумур);
- опрема и алати за производство на производи од стакло;
- опрема и алати за производство на метални производи;
- опрема за пакување и етикетирање;
- опрема за складирање;
- опрема и алати за поправка на земјоделска механизација;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, пакување, етикетирање, поправка на земјоделска механизација;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, пакување, етикетирање, поправка на земјоделска механизација;
- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Б. ИПАРД Промовирање на активности од селскиот туризам**

**Прифатливите проекти за промовирање на активности од селскиот**

**туризам треба да се насочени кон една или повеќе од следниве цели:**

- реконструкција на објекти на земјоделско стопанство со намена за рурален туризам, надополнети со рекреативни капацитети;
- градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за реконструкција на објекти на земјоделско стопанство со намена за рурален туризам, надополнети со рекреативни капацитети се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните објекти за обезбедување на услуги за сместување, угостителство, дегустирање, продажба, рурален музеј, подобрување на санитарно-хигиенски режими, вклучително придружни капацитети и обезбедување пристап за хендикепирани лица, место за излет, специјални санитарни услови, обезбедување на рекреативни капацитети (базени за капење, спортски терени отворени и затворени, коњичко јавање, велосипедизам, риболовство, игралиште за деца);
- опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, телекомуникациски и интернет услуги;
- опрема за третман на вода и прочистителни станици за на земјоделско стопанство или надвор од земјоделско стопанство за оваа специфична туристичка активност;
- опрема за капацитети за сместување вклучително дрвенарија, подни покривки, санитарен јазол (исклучувајќи декоративни додатоци, постелнина, крпи);
- опрема за угостителство и кујни вклучително прибор (исклучувајќи предмети за домаќинство и залихи за угостителство), трпезариски мебел (исклучувајќи декоративни додатоци);
- опрема за обезбедување на рекреативни капацитети-базен за капење, спортски терени, штала за коњи, терени за јавање, велосипедизам, игралишта, платформи за риболов и др.;
- опрема за јавање;
- опрема за овозможување пристап на хедикепирани лица надвор и внатре во објектите (вклучително елеватори и лифтови) и специјални санитарни услови;
- опрема за задоволување на санитарни и хигиенски стандарди;
- телевизори, сателитиски ресивери, радио и аудио опрема;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административно управување со рурален туризам;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, телекомуникациска и интернет опрема, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административно управување со рурален туризам;

- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**За воспоставување на преработувачки капацитети земјоделското стопанство треба да е со следнава големина на капацитети:**

- за воспоставување на капацитети за рурален туризам преку инвестиции во вински подруми или објекти на земјоделско стопанство кое се занимава со лозарство, локацијата на земјоделското стопанство да се наоѓа во општини каде се лоцирани 80% од лозовите насади во Република Македонија, со големина на капацитети со минимум годишен производен капацитет од 20 хл годишно до максимум 400 хл.

**Прифатливи трошоци за ко-финансирање на инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација се следниве инвестициони трошоци за набавка на:**

- материјали за градба и елементи за конструкција за изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за обезбедување на угостителски услуги вклучително придружни капацитети и санитарно/хигиенски барања, обезбедување пристап за хендикепирани лица, место за излет, специјални санитарни услови, обезбедување на рекреативни капацитети (базени за капење, спортски терени отворени и затворени, коњичко јавање, велосипедизам, риболовство, игралиште за деца);
- опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, климатизација, канализационен систем;
- опрема за третман на вода и прочистителни станици за на земјоделско стопанство или надвор од земјоделско стопанство;
- опрема за угостителство и кујни вклучително прибор (исклучувајќи предмети за домаќинство и залихи за угостителство), трпезариски мебел (исклучувајќи декоративни додатоци);
- опрема за обезбедување на рекреативни капацитети-базен за капење, спортски терени, штала за коњи, терени за јавање, велосипедизам, игралишта, платформи за риболов и др.;
- опрема за јавање;
- телевизори, сателитиски ресивери, радио и аудио опрема;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административни цели;
- опрема за задоволување на санитарни, хигиенски и еколошки стандарди за сместување на отворено;
- опрема за овозможување пристап на хедикепирани лица надвор и внатре во објектите и специјални санитарни услови;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење, вентилација и климатизација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административни цели;

- дополнителни општи трошоци за изработка на физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги, техничка помош и надзор во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти како и трошоци за патентни права и лиценци.

**Корисник на ИПАРД поддршката наменета за поттикнување на микро-бизниси во рурални средини и поддршката за развој на рурален туризам (мерка 302) може да биде:**
**1. земјоделско стопанство чии носители се физички или правни лица, задруги или други правни лица кои се запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласност со Законот за земјоделство и рурален развој.**
**2. Занаетчии регистрирани согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност и/или имаат намера да обавуваат занаетчиска дејност во рурални подрачја на економско одржлив начин.**
**3. Микро претпријатија согласно Законот за трговски друштва кои се регистрирани за обавување на преработка на земјоделски производи во согласност со Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна и Законот за ветеринарно јавно здравство.**
**4. Сопственици/концесионери на рибници или концесионери на води за спортски риболов, за подобро користење на економската вредност од природните ресурси во согласност со Законот за рибарство и аквакултура.**
**5. Сопственици на шуми за подобро користење на економската вредност на природните ресурси во согласност со Законот за шуми;**
**6. Земјоделски задруги кои се основани согласно Законот за задруги и впишани во Единствениот регистер на земјоделски стопанства согласно Законот за земјоделство и рурален развој и**
**7. Трговци поединци и правни лица кои се регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва, а кои започнуваат со економска активност.**

**Трошоци кој нема да се финансираат со средствата предвидени со ИПАРД Програмата за период 2007-2013 година, се:**

- даноци,
- царини и увозни такси,
- купување, изнајмување или закуп на земја и објекти,
- казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови,
- осигурителни премии,
- надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување,
- оперативни трошоци,
- користени машини и опрема,
- банкарски трошоци, трошоци за гаранции,
- придонеси во натура,

- купување на права за земјоделско производство, животни, годишни растенија и нивно засадување,
- секое одржување, амортизирање и трошоци за наем,
- купување на лизинг,
- трошоците на предмети чија цена е повеќе од 10,000 евра, а за кои корисникот нема добиено понуда од најмалку три добавувачи, за кои оригиналите треба да бидат вклучени во барањето за помош;
- инвестиции за изградба или обновување на куќи за живеење;
- инвестиции во малопродажба;
- сите трошоци платени пред писменото одобрување на проектите од страна на ИПАРД Агенцијата, со исклучок на трошоци за консултантски услуги од архитекти, инжењери и други, физибилити студии, добивање на патентни права и лиценци, до износ не повеќе од 12% од прифатливи трошоци за изградба на нови објекти и инсталации и обновување на постоечките, вклучително и нови машини и опрема;
- сите трошоци платени пред писменото одобрување на проектите од страна на ИПАРД Агенцијата, со исклучок на трошоци за консултантски услуги, физибилити студии, добивање на патентни права и лиценци, до износ не повеќе од 5 % од прифатливите трошоци за набавка на нови машини и опрема;
- трошоци финансирани од било кој друг инструмент за финансирање од буџетот на Заедницата или било кој друг план за донаторски грантови или меѓународни финансиски институции.

**обратете се до:**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Тело за управување со ИПАРД**
**Ул. Беласица бр. 2, 1000 Скопје**
**Телефон: 02/3110-887**

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**Ул. Скупи 3а, 1000 Скопје**
**Телефон: 02/ 3097-450**